УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК
DEPARTAMENTI PËR NDOTJEN INDUSTRIALE DHE MENAXHIM ME RREZIQE

Арх.бр. УП1-11/3-451/2020

Дата. 16-09-2024

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ( "Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11,96/19, 110/19 год.), а согласно член 118 став 3 а во врска со член 130 став 1 и став 2 и член 134 став 2 од Законот за животна средина ( "Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18 и Службен весник на Република Македонија" бр. 89/22 и 171/22 ), постапувајќи по барањата на правните субјекти Трговско друштво за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги Еуроникел Индустри ДОО Кавадарци во стечај на Друштво за производство на метали Дабл ИГЛ Никел ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци заведено под бр.УП1-11/3 451/2020 доставено на 04.06.2024 година, Министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следново:

# Р Е Ш Е Н И Е

## За целосен пренос на А – Интегрирана еколошка дозвола

1. Се врши целосен пренос на А – Интегрирана еколошка дозвола за Трговско друштво за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги Еуроникел Индустри ДОО Кавадарци во стечај на операторот Друштво за производство на метали Дабл ИГЛ Никел ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци

2. Причина за пренос на А – Интегрирана еколошка дозвола (дозвола бр. УП1-11/3 451/2020 од 02.09.2020 година, издадена на Трговско друштво за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги Еуроникел Индустри ДОО Кавадарци во стечај е превземањето со управувањето со инстлацијата од страна на операторот Друштво за производство на метали Дабл ИГЛ Никел ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци, како нов оператор од 2024 година.

3. Се задолжува операторот Друштво за производство на метали Дабл ИГЛ Никел ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци , за исполнување на обврските во однос на заштита на животната средина произлезени од направената проценка за обврските

дефинирани во А – Интегрирана еколошка дозвола (дозвола бр. УП1-11/3 451/2020 од 02.09.2020 година, нивната имплементација, констатираните состојби и идентификуваните финансиски трошоци во Извештајот од Генералната Еколошка Ревизија.

4. Се задолжува операторот Друштво за производство на метали Дабл ИГЛ Никел ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци, да постапи по препораките од извршената Генерална Еколошка Ревизија. бр. 11-3019/1 од 05.04.2024 год

5. Се задолжува операторот операторот Друштво за производство на метали Дабл ИГЛ Никел ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци, кој го бара преносот на А – Интегрирана еколошка дозвола., заради транспарентноста на постапката да ги надомести трошоците за објавата на Решението во весник на македонски јазик и јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓа,ните кој зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

6. Носителот на А- Интегрираната еколошка дозвола е должен да ги почитува сите услови во дозволата при користење и управување со инсталацијата.

## Образложение

Министерството за животна средина и просторно планирање за правниот субјект Трговско друштво за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги Еуроникел Индустри ДОО Кавадарци во стечај доби А – Интегрирана еколошка дозвола (дозвола бр. УП1-11/3 451/2020 од 02.09.2020 година). За категорија на индустриска активност , Приог I, Точка 2. Производство и преработка на метали)

2.5 а). Инсталации за производство на обоени метали од руда, концентрати или секундарни суровини со металуршки, хемиски или со електролитски процеси.

Приог I, Точка 5. Управување со отпад. Поради превземање на управувањето со инсталацијата од страна на операторот Друштво за производство на метали Дабл ИГЛ Никел ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци како нов оператор од 2024 година, на 04.06.2024 година доставено е Барање бр.УП1-11/3 451/2020 за целосен Пренос на А – Интегрирана еколошка дозвола (дозвола бр. УП1-11/3 451/2020 од 02.09.2020

година од Трговско друштво за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги Еуроникел Индустри ДОО Кавадарци во стечај на операторот Друштво за производство на метали Дабл ИГЛ Никел ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци.

Со барањето за целосен пренос е постапено во согласност со член 118 и член 130 став 1 и 2 а во врска со членот 134 став 2 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18 и Службен весник на Република Македонија” бр. 89/22 и 171/22). Во Прилог на Барањето за Пренос на А – Интегрирана еколошка дозвола, доставен е Извештај од Генерална еколошка ревизија со попратна документација. Главна цел на Извештајот за Генерална еколошка ревизија е да се изврши процена на управувањето со сите медиуми на животната средина (емисии во вода,воздух,управување со опасни хемикалии, управување со отпад, управување со ризици, бучава и др.аспекти).

Постапката за Пренос на А – Интегрирана еколошка дозвола е опишана во Глава XII и Глава XIV (Закон за животна средина ).

Треба да се напомне фактот дека поради не расчистени долгови кон Комерцијална Банка АД Скопје, Трговско друштво за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги Еуроникел Индустри ДОО Кавадарци оди во стечај и Целиот имот на Трговско друштво за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги Еуроникел Индустри ДОО Кавадарци стана приватна сопственост на Комерцијална Банка АД Скопје, која како нов сопственик на Трговско друштво за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги Еуроникел Индустри ДОО Кавадарци, и на А – Интегрирана еколошка дозвола бр. УП1-11/3 451/2020 од 02.09.2020 за Трговско друштво за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги Еуроникел Индустри ДОО Кавадарци.

Исто така од страна на Комерцијална Банка АД Скопје, е ангажирана фирма за изработка на Генерална еколошка ревизија за инсталацијата , и е изготвен извештај од генерална еколошка ревизија бр. 11-3019/1 од 05.04.2024 год.

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК
DEPARTAMENTI PËR NDOTJEN INDUSTRIALE DHE MENAXHIM ME RREZIQE

Од причина што Образецот за Целосен пренос на А-ИЕД предвидува пренос на А-ИЕД од еден оператор на друг оператор, Трговско друштво за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги Еуроникел Индустри ДОО Кавадарци во стечај, превземено од Комерцијална Банка АД Скопје ја предава А-ИЕД бр. УП1-11/3 451/2020 од 02.09.2020 год, на Друштво за производство на метали Дабл ИГЛ Никел ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци, кој се појавува како оператор што ја презема А-ИЕД дозволата бр. УП1-11/3 451/2020 од 02.09.2020 год.

Одделението за Интегрирано спречување и контрола на загадувањето - Сектор за индустриско загадување и управување со ризик – Управа за животна средина при Министерство за животна средина и просторно планирање, по разгледувањето на целокупната документација а во доменот на своите надлежности, во смисла на член 118 став 3 од Законот за животна средина, реализира целосен пренос на А – Интегрирана еколошка дозвола бр. УП1-11/3 451/2020 од 02.09.2020, и донесе Решение за целосен пренос на дозволата од : Трговско друштво за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги Еуроникел Индустри ДОО Кавадарци во стечај на операторот Друштво за производство на метали Дабл ИГЛ Никел ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци, како нов оператор.

Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот
Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатсво за правното средство: Против ова решение може да се изјави жалба во износ од 250,00 денари упатени на жиро смека 840*** ** ** ** во готови пари до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од објавување на решението во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија.

Со почит,

**МИНИСТЕР/MINISTËR**
**Izet Mexhiti**

Изготвил/Përgaditi: Раководител на Сектор за Индустриско загадување и управување со ризик
Nazim Aliti

Управа за животна средина
в.д.Директор
Игор Никоски